**Известување за концентрација со која Шмиц Каргобул АГ, Германија ќе стекне контрола над Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х., Австрија (предмет бр. 08-96/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 04.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Шмиц Каргобул АГ, со регистрирано седиште на Банхофштрасе 22, 48612 Хорстмар, Сојузна Република Германија ќе стекне единствена контрола над Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х., со регистрирано седиште на Ретенбах 10а, 6241 Радфелд, Република Австрија, по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Шмиц Каргобул АГ има намера да стекне самостојна контрола над Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х.. Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х. е моментално под заедничка контрола од страна на Шмиц Каргобул АГ и Бергер Транспорт ГмбХ. Оттука, видот на контролата што ја врши Шмиц Каргобул АГ над Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х. ќе се промени од заедничка во самостојна како последица на предложената трансакција.

Шмиц Каргобул АГ е семејно друштво основано во Германија кое произведува и дистрибуира полуприколки и приколки. Шмиц Каргобул АГ произведува производи за превоз на стоки во различни индустрии, вклучувајќи храна, пијалаци, замрзнати стоки, фармацевтска индустрија, земјоделство и шумарство, курирски услуги, градежни материјали и автомобилска индустрија.

Во Република Северна Македонија, Шмиц Каргобул АГ остварува приход и има регистрирано присуство преку следното зависно друштво – ШМИЦ КАРГОБУЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, Илинден со регистрирано седиште на ул. „34“ бр. 3 Илинден, Скопје, со приоритетна дејност 46.900 - неспецијализирана трговија на големо.

Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х. работи и под називот БергерЕКОТРЕИЛ (BergerECOTRAIL) и е специјализирано за дизајн и производство на лесна транспортна опрема, особено лесни полуприколки со церада и лесни шасии за цистерни. Покрај лесната конструкција, експертизата и фокусот на компанијата се насочени кон оптимизација на носивоста.

Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х. произведува производи од лесна конструкција за превоз на стоки во различни индустрии, вклучувајќи прехранбени производи, пијалаци, градежни материјали, челик, општ товар и бела техника. Дополнително, се развиваат и индивидуални специјализирани решенија.

Во Република Северна Македонија, Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х. нема регистрирано присуство, меѓутоа во 2025 година остварил незначителен промет преку продажба на лесни полуприколки со шасија за цистерна.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар за производство и продажба на големо на лесни полуприколки за патен транспорт во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

05.06.2026 година
Скопје